

# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ОБЛАК ОД СМОГ ДОЛЖ КАЧАНИЧКИ ПАТ!?

По објавата на податоците од мерната станица во Карпош за енормно загадување во Општина Карпош и присуство на 1.218 ПМ10 честички во саботата навечер, во текот на вчерашниот и денешниот ден ни се јавија повеќемина граѓани со посочување на можните загадувачи на територијата на Општина Карпош.

Според дојавите и снимки од жители на Карпош, во периодот кога имало најголемо загадување, од повисоките места во Карпош (кај манастирот Св. Пантелејмон) е забележан облак кој се движи долж течението на реката Лепенец кон Карпош.

Поточно, според нивните кажувања, најверојатно станува збор за ПМ честички кои се нуспроизвод од изработка на градежни материјали, а токму во тој дел кај Качанички пат се наоѓа најголемата цементарница на соседно Косово, но и други помали индустриски капацитети за производство на гипс и други градежни материјали.

Во секој случај, Општина Карпош очекува од надлежните државни инспекциски служби задолжени за заштита на човековата околина да го лоцираат најголемиот потенцијален загадувач и соодветно да реагираат, со цел да се спречат вакви испади.



# МОН ОДЛУЧУВА ЗА НОВИ НАСТАВНИЦИ ВО „БРАТСТВО“

ООУ „Братство“ во Тафталиџе 2, на 5 септември минатата година упати официјално писмено барање до Општина Карпош за вработување на двајца одделенски наставници на албански наставен јазик. Локалната самоуправа реагираше веднаш до надлежните државни институции. Имено, два дена подоцна, на 7 септември од раководителот на Секторот од јавен интерес - одделение за образование, до Министерството за образование и наука испрати официјално барање за добивање согласност за ново финансирање и отворање на нова, втора паралелка во прво одделение за деца кои ќе следат настава на албански јазик. Од септември до денес, Општина Карпош не добила никаков потврден ниту пак негативен официјален одговор од надлежното министерство.

ПРЕГЛЕД НА ОДОБРЕНИ СОГЛАСНОСТИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ОПРЕДЕЛЕНО РАБОТНО ВРЕМЕ- НОВО ФИНАНСИРАЊЕ
ЗА УЧЕБНАТА 2016/2017 ГОДИНА
(Преглед бр.2)

Бр. 08-88/12
05.09 .16
СКОПЈЕ

| Ред. бр. | Општина | Основно училиште | Работно место | Основ на прием | дата на вработување | број на наставни часови/ работни часови | наставен јазик | ЗАБЕЛЕШКА (образложение за потребата од работното место) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Карпош | ООУ„Братство„-Скопје | Наставник по одделенска настава | Согласно член 41 став(4),(5) и (6) од Законот за основно образование | По спроведена постапка по јавен оглас | 20 | А | Заклучно со 31.08.2016 година ,во прво одделение за учебната 2016/2017 година се запишани 35 деца кои ќе посетуваат настава на албански наставен јазик и бараме ново финансирање согласно член 41 од Законот за основно образование |
| 2 | Карпош | ООУ„Братство„-Скопје | Наставник по одделенска настава | Согласно член 41 став(4),(5) и (6) од Законот за основно образование | Согласно член 41 став(4),(5) и (6) од Законот за основно образование | 20 | А | Заклучно со 31.08.2016 година ,во прво одделение за учебната 2016/2017 година се запишани 35 деца кои ќе посетуваат настава на албански наставен јазик и бараме ново финансирање согласно член 41 од Законот за основно образование |
| 3 | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | |

Директор
Поповски

Градоначалник

ПРЕГЛЕД НА ОДОБРЕНИ СОГЛАСНОСТИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ОПРЕДЕЛЕНО РАБОТНО ВРЕМЕ- НОВО ФИНАНСИРАЊЕ
ЗА УЧЕБНАТА 2016/2017 ГОДИНА
(Преглед бр.2)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
БРАТСТВО
08-88/12
СКОПЈЕ

| Ред. бр. | Општина | Основно училиште | Работно место | Основ на прием | дата на вработување | број на наставни часови/ работни часови | наставен јазик | ЗАБЕЛЕШКА (образложение за потребата од работното место) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Карпош | ООУ„Братство„-Скопје | Наставник по одделенска настава | Согласно член 41 став(4),(5) и (6) од Законот за основно образование | По спроведена постапка по јавен оглас | 20 | А | Заклучно со 31.08.2016 година ,во прво одделение за учебната 2016/2017 година се запишани 35 деца кои ќе посетуваат настава на албански наставен јазик и бараме ново финансирање согласно член 41 од Законот за основно образование |
| 2 | Карпош | ООУ„Братство„-Скопје | Наставник по одделенска настава | Согласно член 41 став(4),(5) и (6) од Законот за основно образование | Согласно член 41 став(4),(5) и (6) од Законот за основно образование | 20 | А | Заклучно со 31.08.2016 година ,во прво одделение за учебната 2016/2017 година се запишани 35 деца кои ќе посетуваат настава на албански наставен јазик и бараме ново финансирање согласно член 41 од Законот за основно образование |
| 3 | | | | | | | | |
| 4 | | | | | | | | |

Директор
Поповски

Градоначалник

„ГРАДОНАЧАЛНИК"

| Примено | 05.09.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 53 | 7790/1 | - | - |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
БРАТСТВО
Бр. 08-881
05.09.2016 год.
СКОПЈЕ

ДО
ОПШТИНА КАРПОШ
СЕКТОР ЗА ДЕЈНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС
- ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ -
ЗА
Раководител
Анета Марковска - Илиевска

Предмет: Барање согласност за формирање втора паралелка во прво одделение за реализирање настава на албански наставен јазик и добивање - согласност за ново финансирање за два наставника по одделенска настава на албански наставен јазик

Со оглед на фактот дека заклучно со 31.08.2016 година, во прво одделение за учебната 2016/2017 година, во ООУ "Братство"-Скопје, се запишани 35 деца кои ќе посетуваат настава на албански наставен јазик, бараме согласност за формирање на втора паралелка во прво одделение и согласност за ново финансирање за два наставника по одделенска настава на албански наставен јазик.

Имено врз основа на член 41 став (4) од Законот за основно образование,бројот на ученици во паралелката е од 24 до 34 , а согласно став (5) и став (6) од истиот член, паралелка може да се формира и со помалку од 24 ученици по добиена согласност од основачот, по претходно добиено позитивно мислење од Министерството за образование и наука образование ("Сл. весник на РМ " бр. 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 06/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015,145/2015 и 30/2016).

Согласно горе наведеното во ООУ "Братство"-Скопје, имаме потреба од добивање согласност од општината по претходно добиено позитивно мислење од Министерството за образование и наука за формирање на втора паралелка во прво одделение на албански наставен јазик како и согласност за ново финасирање за два наставника по одделенска настава на албански наставен јазик за во втората паралелка во прво одделение.

Изготвил
Ристе Смилевски- секретар

ВД Директор
Јадранка Поповски

---

ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2009

Број: 11-7790/2
Датум: 06.09.2016
Скопје

До
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
- Сектор за основно и средно образование

**Предмет:** Барање согласност за ново финансирање и формирање на паралелка

По барање на ООУ „Братство" бр.08-881 од 05.09.2016 година, примено во Општина Карпош под бр.53-7790/1 од 05.09.2016 година, Ви го доставуваме Прегледот број 2 на бараната согласност за вработување на двајца одделенски наставници на албански наставен јазик на определено работно време - ново финансирање и формирање на втора паралелка во прво одделение, бидејќи се запишани 35 ученици, кои што ќе посетуваат настава на албански јазик.

Согласно член 41 став 4 од Законот за основно образование бројот на ученици во паралелка е од 24 до 34, па се надеваме дека ќе ни дадете согласност за формирање на втора паралелка во прво одделение, како и согласност за ново финансирање за двајца наставници по одделенска настава на албански наставен јазик.

Прилог:
- Преглед бр.2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
СКОПЈЕ

| Примено | 07.09.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
Стевче Јакимовски

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925
www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk

# АКО УРБАНАТА МАФИЈА ЗАГАДАУВА- СДСМ Е ЛИДЕР ВО ЗАГАДУВАЊЕТО

По повод денешната изјава на СДСМ и некритичките и злонамерни обвинувања за евентуалните виновници за аерозагадувањето во Општина Карпош, градоначалникот Стевчо Јакимовски ја даде следната изјава:

-СДСМ има најмалку право да зборува за загаденоста, за урбани мафии или било какви мафии, затоа што тие се творци на мафијата овде во градот Скопје. Татко на мафијата е токму Мирослав Грчев соградбите во Буњаковец, со Дебар Маало, со Универзална сала, а може да се види како денес тие изгледаат, а згора и градоначалникот од СДСМ кој беше на чело на општина Кисела Вода во периодот 2002-2006 година, чиј продукт е Стара рампа, во Кисела Вода.

Уште помалку има право да зборува Душко Весовски кој е претседател на Општинската организација на СДСМ во Карпош, кој спротивно на мојата волја 2012 година, со помош на советниците од СДСМ и претседателот на советот на Општина Карпош Трифун Трифуновски, си вцрта маркица со која тој и неговото семејство „дебело" профитираа. Оттаму, ако сега зборуваат дека градежништвото ја загадува околината во Општина Карпош, тој има најголем придонес дадено во загадувањето на Општината.

Напротив, рече Јакимовски, Општина Карпош и раководството на локалната власт се одговорни луѓе. - Ние сме тие кои го одржуваат зеленилото, ние сме тие кои што ја одржуваме хигиената. Јавно ги прашувам граѓаните на Карпош, кога последен пат виделе работник од Комунална хигиена да ги чисти улиците во Општина Карпош? Ние сме тие кои садиме цвеќиња по булеварите, ние сме тие кои градиме паркови. Само минатата година имаме посадено повеќе од 3.500 дрвја. За разлика од нас, СДСМ само критикува и не прави ништо повеќе.
Инаку, само како информација, градоначалникот на Карпош посочи дека денеска, општина Карпош е најмалку загадена општина од било која друга во градот Скопје, што значи дека и загадувањето зависи од „ружата на ветрови" која се движи на нашата територија. Но, истовремено, како потенцијален загадувач се јавува и Цементарницата од Косово, која ги носи тие честички кои ја загадуваат не само Општина Карпош, туку и Ѓорче Петров и целиот град, истакна градоначалникот на Карпош.



# СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ДЕБАТИРАШЕ ЗА АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО

На шеесет и втора седница на Советот на Општина Карпош, советниците расправаа по осум предлог точки. Во период кога загадувањето на воздухот покажуваше најмала вредност на загаденост во Општина Карпош, во споредбен однос со другите локални самоуправи, кои се наоѓаат на територијата на Градот Скопје, сепак оваа тема околу аерозагадувањето беше главна на денешната седница. И покрај тоа, што имаше обид за непартизирање на оваа тема, која ги засега сите граѓани на локалната самоуправа, без разлика на нивната припадност, советниците од редовите на опозицијата , со паушални и партизирани обвинувања, се обидоа вината за загадениот воздух да ја префрлат врз општинските служби.

Првиот човек на Општината, истакнувајќи дека оваа тема е актуелна не само во Општина Карпош, туку и во многу други Општини, како во градот Скопје, така и ширум Република Македонија, напомена дека Карпош, со сопствени буџетски средства ангажира хигиеничари, кои се грижат за чистотата на улиците во Општината, и дека само минатата година, се засадени преку 3500 дрвја и садници во парковите, и училишните дворови.

- Како локална самоуправа, сме ретки, кои имаат Сектор екологија, како посебен секторски орган, кој се грижи за животната средина. Засадивме цвеќиња со жардиниери долж булеварот ,, Партизански одреди“, со што придонесуваме во прочистувањето на воздухот. Секоја година, од наши општински средства засадуваме дрвја и садници, и на тој начин го зголемуваме зеленилото во Општината, и директно помагаме во подобрување на амбиенталниот воздух во нашата локална самоуправа, дециден беше Јакимовски.



На оваа седница, со свое експертско излагање пред присутните советници, се обрати и стручното лице Бранко Анѓелески, кој 10 години се занимава стручно со темата околу загадувањето на воздухот. Егзактните истражувања, кои ги презентираше Анѓелески, укажуваат дека огромен удел во загадениот воздух во Општина Карпош, има соседната Општина Ѓорче Петров, на која се наоѓаат индустриски објекти. Исто така, чадот кој се испушта при затоплување на домаќинствата со дрвна маса, придонесува во најголем процент на загадување на воздухот, а фактичката состојба на терен укажува дека преку 90 % од домаќинствата во Ѓорче Петров се грејат на дрва. Ова стручно лице, истакна дека загадувањето на воздухот конкретно во Општина Карпош е предизвикано пред се од фактори кои се надвор од територијата на локалната самоуправа, за кои Општината нема ингеренции.

Незадоволни од приложените факти, од страна на стручното лице, и градоначалникот на Општина Карпош Стевчо Јакимовски, советниците од редовите на опозицијата ја напуштија седницата. По нивното напуштање, останатите советници ги изгласаа и останатите точки на дневниот ред. Предлог програмата за изменување и дополнување на Урбанистичкото планирање за 2017 година, како и Предлог програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош од обласа на Културата за 2017, советниците ги усвоија. На денешната седница на дневниот ред се изгласа и Одлуката за набавка на две половни товарни возила со хидраулични корпи, како и се усвои Извештајот за реализација на програмата за работа на Советот на Општина Карпош за 2016 година.



# САНКЦИОНИРАНИ ЗАГАДУВАЧИ НА ВОЗДУХОТ

Овластениот инспектор за животна средина и комуналните редари од Општина Карпош, денеска, при континуирана контрола на локација во населбата Бардовци, утврдија неовластено палење на отпад (гуми, кабли, пластика). Притоа, инспекторот побара асистенција од полицијата која изврши увид, при што го идентификуваше лицето кое палело недозволени материјали.

Комуналните редари од Општина Карпош на сторителот на прекршокот му изрекоа казна, согласно Законот за јавна чистота. Контролата на инспекторот и комуналните редари продолжува и наредните денови, со цел да се спречат овие сериозни прекршоци од страна на несовесните граѓани.

Општина Карпош апелира до своите сограѓани на поголема свесност, бидејќи при согорување на овие материјали се предизвикува опасен ефект, при што се ослободуваат токсични супстанци во воздухот.





# НАПАДНАТ АВТОБУСОТ НА КАРПОШ СОКОЛИ ВО ПОДГОРИЦА

Вчера вечер, на паркингот пред хотел „Подгорица“, во главниот град на Црна Гора – Подгорица, беше нападнат автобусот КК „Карпош Соколи“, од Карпош.

Притоа, искршено е ветробранското стакло, и се украдени регистарските таблички на автобусот. Општина Карпош, го осудува ваквиот обид за притисок врз играчите на КК „Карпош Соколи“, и очекува надлежните служби во најскоро време да го расветлат случајот, односно да ги откријат причините и извршителите на овој инцидент.



## ЗАЕДНИЧКИ ПРОТИВ ЗАГАДУВАЊЕТО

Претставници од граѓанската иницијатива „Прво кафе кај градоначалникот“ денеска беа на разговор кај првиот човек на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски. На средбата се говореше за најактуелната тема во изминатите десет дена, загадувањето на воздухот во Карпош и целиот град. Целта на разговорот беше граѓаните Александар Донев (жител на Општина Карпош) и Александра Теменугова, да се информираат што може општината да стори и што досега сторила против загадувањето на воздухот на оваа територија.

По два ипол часовниот разговор и меѓусебното информирање за темата која подеднакво ги загрижува и граѓаните и локалните власти, учесниците во „конструктивното кафе“ беа едногласни во оценката дека се неопходни координирани и стратешки мерки на подолг рок, за трајно решавање на проблемот со аерозагадувањето.

Градоначалникот Јакимовски им образложи дека Општина Карпош како потписник на Конвенцијата 20-20-20 (20% намалување на штетни гасови во атмосферата, 20% учество на обновливи извори на енергија во вкупната енергетска потрошувачка и 20% помала потрошувачка на енергија), досега поднела 35 еколошки проекти, а ги наброја и сите активности кои локалната самоуправа ги правела и ги прави на планот на заштита на животната средина:

Обнова и поставување на термички фасади на колективните станбени објекти, замена на азбестните покриви, одржување на хигиената исклучително на трошок на општината, одржување на блоковското зеленило и посадување на 10.500 млади дрвца во последните неколку години.

Александра Теменугова посебно се интересираше за проблемот на ограничените законски ингеренции што ги има локалната самоуправа во сферата на испекцискиот надзор, односно овластениот инспектор за екологија во санкционирањето на загадувачите. Според Александар Донев, потребна е изработка на долгорочна стратегија за борба против аерозагадувањето, меѓутоа со соочување со сите надлежни структури во државата од локално до централно ниво.

Заедничкиот заклучок на сите учесници на работната средба, беше дека е потребно сите конкретни мерки и идеи за решавање на овој голем проблем да се апсолвираат низ една форумска дебата, која ќе резултира со студија и дузина законски интервенции и измени, со што трајно би се решил проблемот со загадувањето на воздухот и заштитата на животната средина.

